**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПРИЛЕП**

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

БР. 03-1507/2
од 25. 04. .2023 год.
Прилеп

Врз основа на член 35, став (1) од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 193/15, 44/15, 31/16, 163/16,64/18 и 168/18), член 93 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ 32/20) и член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 26 од Статутот на Општина Прилеп, Градоначалникот на Општина Прилеп го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

Се организира јавна презентација и јавна анкета по УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО КРУШЕВИЦА СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 2, ОПШТИНА ПРИЛЕП.

Опис на планскиот опфат:
Планскиот опфат го опфаќа селото Крушевица, на подрачјето на КО Крушевица во Општина Прилеп.

Село Крушевица е рамничарско-ридско село на надморска висина од 740.00 до 795.00 мнв во општина Прилеп, која се наоѓа во североисточниот дел Пелагонискиот регион. Селото Крушевица и КО Крушевица се наоѓа југо-источно од градот Прилеп опкружено со атарите на селата: Кален и Дуње од север, планински дел од исток, Чанишче од југ, Бонче и Лопатица од запад.

Границата на планскиот опфат на Урбанистички план за село Крушевица со разработка на блок 2, Општина Прилеп се дефинирани со Условите за планирање на просторот бр. УП1-15 428/2020 од. 20.03.2020, **зафаќа површина од 22,16 ха**, е дефиниран со следните граници:

- на север границата ги сече КП1012, КП1134 и КП665.
- на исток границата ги сече КП665, КП1012, КП1074, КП1073, КП1072, КЈП1071, КП1070, КП1060, КП 1089, КП1030, КП3093, КП1265, КП1272 и КП1028.
- на југ границата ги сече КП1099, КП1096, КП1097, КП1090, КП3093М КП1027 и КП 1272, а минува по јужната граница на КП1089.
- на запад границата ги сече КП1012, КП 1108, КП1114, КП1113, КП1112, КП1111, КП1110 и КП1101.

За конкретниот плански опфат, нема претходна планска документација.

Подрачјето на планскиот опфат е на територија на Општина Прилеп.

Јавната анкета и јавната презентација по УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО КРУШЕВИЦА СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 2, ОПШТИНА ПРИЛЕП ќе се спроведе со излагање на Предлог Планот во просториите на Општина Прилеп.

Јавната анкета ќе трае 5 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението, односно од 28.04.2023 година до 05.05.2023 година секој работен ден од 8,30 до 15,30 часот.

Во спомenатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПРИЛЕП**

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 28.04.2023 година, петок, во 12:00 часот во просториите на Општина Прилеп.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Прилеп**
**Борче Јовчески**

Република Северна Македонија
Градоначалник
Општина Прилеп